Република Северна Македонија

**Министерство за внатрешни работи**

Оддел за односи со јавност и стратешки прашања
Сектор за односи со јавност и протокол

рег. бр. 16.1.2-422/1
Скопје 19.03 2020

**До**

**Предмет: РЕШЕНИЕ за одговор на барање за слободен пристап до информации од јавен карактер**

РЕШЕНИЕ
**за одговор на барање за пристап до бараната информација**

Во врска со Вашето барање за пристап до информации од јавен карактер, Ви ги доставуваме податоците со кои располага Министерството за внатрешни работи, нагласувајќи дека Секторот за меѓународна полициска соработка (СМПС) при Бирото за јавна безбедност, како координативна единица, постапува по барањата на надлежните оперативни органи од Министерството за внатрешни работи кои ги спроведуваат активностите на Заедничките истражни тимови - по барање на Јавен обвинител.

Во досегашната практика на работењето на Одделението за Европол за одбележување е учеството на Р.С.Македонија во 2013 година, како единствена трета земја заедно со Австрија, Германија и Холандија во Заеднички истражен тим (JIT - Join Investigation team) за сузбивање на недозволена трговија со хероин во кој, исто така, учествуваа и Европол и Евроџаст, во рамки на нивните надлежности, а координацијата на барањата и размената на информации се одвиваше преку СМПС - Одделение за Европол.


Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија
Ул.Димче Мирчев бр.9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3 117 222
www.mvr.gov.mk
МКД СЕРТИФИКАТ МКС EN ISO 9001:2015

Воедно, би сакале да ве информираме дека на интернет страната на Европол може да се најдат повеќе информации во врска со Заедничките истражни тимови, односно Практичен водич за заедничките истражни тимови, кој е изготвен од страна на мрежата на Заеднички истражни тимови, во соработка со Евроџаст, Европол и ОЛАФ, и истиот можете да го најдете на следниов линк:
https://www.europol.europa.eu/publications-documents/jits-practical-guide

Практичниот водич за заедничките истражни тимови (македонска и англиска верзија), поради неговата обемност, ќе ви го доставиме по електронски пат, на наведената електронска адреса во вашето барање.

Во текот на 2012-2013 година беше формиран JIT помеѓу Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, Министерството за внатрешни работи на Р.С.Македонија и Јавните обвинителства и Министерствата за внатрешни работи на СР.Германија, Р.Австрија и Кралството Холандија. Во рамки на истрагите за недозволена трговија со дрога, во Ден-Хаг, Кралство Холандија, под покровителство на Евроџаст, беше потпишан Меѓународен договор за формирање на Заеднички истражни тимови-JIT, каде нашата земја беше член, а носители беа СР.Германија и Р.Австрија. Соработката и размената на информациите и доказите се одвиваше преку каналите на Европол.

Од обласста на недозволената трговија со дрога, во 2017 година, Јавното обивинителство за гонење на организиран криминал и корупција и Министерството за внатрешни работи на Р.С.Македонија, заедно со Јавното обвинителство и Министерството за внатрешни работи на Р.Србија, во рамките на една истрага, заедно преземаа мерки и активности за што беше потпишан и Договор за формирање на Заеднички истражен тим – JIT помеѓу горенаведените страни. Соработката во рамки на JIT се одвиваше во делот на размена на информации и прибирање и размена на докази.

Во борбата насочена против недозволената трговија со дрога, во 2012 година, Министерството за внатрешни работи на Р.С.Македонија активно учествуваше во Заедничките истражни тимови со службите за борба против дрога на Р.Австрија, СР.Германија и Кралството Холандија, во рамки на заедничката меѓународна истрага JIT, во која системски беше насочено прибирањето на информации и кривичното гонење на членовите на криминални групи од Р.С.Македонија, кои се организатори на транспорт на хероин и улична продажба на наркотични droги во


Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија
Ул.Димче Мирчев бр.9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3 117 222
www.mvr.gov.mk
МКД СЕРТИФИКАТ МКС EN ISO 9001:2015

Р.Австрија и СР.Германија. За времетраењето на операцијата обезбедени беа докази за нивна инволвираност во недозволената трговија со хероин.

Во текот на 2013 година, во рамки на формираните Заеднички истражни тимови (JIT), а врз основа на потпишан Договор за соработка помеѓу Јавните обвинителства на СР.Германија, Р.Австрија, Кралството Холандија и Р.С.Македонија, беа реализирани две успешни заеднички акции, од кои едната во соработка со австриската полиција и втората во соработка со германската полиција. Во заедничка меѓународната операција со австриската полиција, а во рамки на истрага која се спроведуваше на териториите на Р.С.Македонија и Р.Австрија, насочена против македонски државјани инволвирани во недозволена трговија со хероин, беа разбиени три организирани криминални групи кои активно делувале подолг временски период на подрачјето на градот Виена, Р.Австрија, односно набавувале одредена количина на хероин наменет за улична продажба, кој преку курири, односно лица транспортери, за одреден паричен надомест го транспортирале хероинот до членовите на криминалните групи кои престојувале во Виена и им давале логистика, односно вршеле улична продажба на хероин на нарко пазарот. Најголем дел од членовите на сузбиените криминални групи се македонски државјани од градот Велес, додека помал дел се од градовите Скопје и Куманово. При истрагата се обезбедени докази дека дел од паричните средства заработени од продажба на хероин се трансферирани на членови на криминалната група и нивни блиски лица, преку интернационалниот електронски трансфер на парични средства во Р.Австрија, СР.Германија и Р.С.Македонија.

Во рамките на JIT на територија на Р.С.Македонија, во 2013 година, реализирани беа два случаја на транспорт на наркотична дрога, од кои во едниот случај беше запленет хероин, а во другиот случај беше запленета марихуана.

Во текот на 2017 година, во рамки на меѓународно криминалистичко истражување, беше сузбиена организирана криминална група инволвирана во недозволена трговија со производство и продажба на синтетичка дрога, со крајна дестинација Р.Турција. При реализација на истрагата, на подрачјето на Тетово беше откриена нелегална лабораторија во која криминалната група ја произведувала дрогата, а од слобода биле лишени седум лица, од кои пет државјани на Р.С.Македонија и двајца државјани на Р.Србија.

Република Северна Македонија

**Министерство за внатрешни работи**

Оддел за односи со јавност и стратешки прашања
Сектор за односи со јавност и протокол

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Барателот од Скопје поднесе барање за слободен пристап до информации од јавен карактер до Министерство за внатрешни работи.

По добивањето на барањето од страна на Одделот за односи со јавност и стратешки прашања, истото беше доставено до Секторот за меѓународна полициска соработка, Одделот за криминалистичко разузнавање и анализа, Одделот за сузбивање на организиран и сериозен криминал и Одделот за криминалистичка полиција при Бирото за јавна безбедност, од каде го добивме одговорот кој што му го доставуваме на барателот.

**Изработил: Јован Пешевски**
**Контролирал: Сузана Прањиќ Талевска**
**Одобрил: Наталија Спирова**

ПОМОШНИК НА МИНИСТЕРОТ
**Тони Ангеловски**



Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија
Ул.Димче Мирчев бр.9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3 117 222
www.mvr.gov.mk

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2015